# Статистичко истражување за работната сила

## PC_APC_Q_MK_2024_4

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

### 1 Контакт

### 1.1 Организација/ институција за контакт

Државен завод за статистика

### 1.2 Организациска единица за контакт

Одделение за пазар на трудот

### 1.3 Лице за контакт

Ајрија Чаушоска

### 1.4 Звање на лицето за контакт

Раководител на одделение

### 1.5 Поштенска адреса

ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Македонија

### 1.6 Електронска адреса

ajrija.causoska@stat.gov.mk

### 1.7 Телефонски број

3249425

### 1.8 Факс

### 2 Ажурирање метаподатоци

### 2.1 Последна потврда на метаподатоците

20/05/2025

### 2.2 Последна објава на метаподатоците

20/05/2025

| 2.3 | Последно ажурирање на метаподатоците |
|---|---|

20/05/2025

| 3 | Статистичка презентација |
|---|---|

| 3.1 | Опис на податоците |
|---|---|

Главни индикатори кои се добиваат од Анкетата се: - Стапката на активност; - Стапка на вработеност; - Стапка на невработеност; - Стапка на вработеност според највисокото стекнато ниво на образование; - Лица кои живеат во домаќинства без вработени; - Лица кои рано го напуштаат образованието; - Лица со низок степен на образование; - Доживотно учење, НЕЕТ стапки- Лица кои не се вработени и кој не се вклучени во процесот на образование или обука.

| 3.2 | Систем на класификации |
|---|---|

- Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2, - Национална класификација на занимањата, 2015, - Номенклатура на територијалните единици за статистика - НТЕС (2014) и - Системот на образование во Република Македонија во однос на ISCED2011 - Меѓународна стандардна класификација на образованието МСКОБ (2013).

| 3.3 | Опфат на сектор/и |
|---|---|

Сите сектори од НКД Рев.2 A/A Земјоделство, шумарство и рибарство B/Б Рударство и вадење на камен C/В Преработувачка индустрија D/Г Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација Е/Д Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината F/Ѓ Градежништво G/Е Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли H/Ж Транспорт и складирање I/З Објекти за сместување и сервисни дејности со храна J/S Информации и комуникации K/И Финансиски дејности и дејности на осигурување L/J Дејности во врска со недвижен имот M/К Стручни, научни и технички дејности N/Л Административни и помошни услужни дејности O/Љ Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување P/М Образование Q/Н Дејности на здравствена и социјална заштита R/Њ Уметност, забава и рекреација S/О Други услужни дејности T/П Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби U/Р Дејности на екстратериторијални организации и тела

| 3.4 | Статистички концепти и дефиниции |
|---|---|

Работоспособното население го сочинуваат сите лица на возраст 15 - 89 години. Економски активното население го сочинуваат вработените и невработените лица (работна сила). Следејќи ги препораките на ILO, во вработените се вклучени лицата на возраст од 15 -89 години.

**Вработени лица се:**

-лица на возраст од 15-89 години кои работеле во текот на референтната недела, дури и за само еден час, за плата, профит или семејна добивка

- лица кои не работеле, а имале работа или бизнис од кој биле привремено отсутни во текот на референтната недела, доколку причината за отсуството е една од следниве:

Боледување, празник, годишен одмор, породилно или родителско отсуство, некој спор, образование и обука и други причини

**Невработени лица се :**

лица на возраст од 15-74 години кои:

- не биле вработени во текот на референтната недела но се  достапни за работа

- активно барале работа 4 недели пред референтната недела или

- нашле работа и чекаат за да започнат во следните 3 месеци.

**Лица надвор од работната сила -**лица кои не се класифицирани ниту како вработени, ниту како невработени

| | |
|---|---|
| **3.5** | **Статистичка единица** |

Единица на набљудување се домаќинството и сите лица во него на возраст од 15 до 89 години.

| | |
|---|---|
| **3.6** | **Статистичка популација** |

Статистичка популација се домаќинствата и лицата на возраст од 15 до 89 години.

| | |
|---|---|
| **3.7** | **Референтна област** |

Региони

| | |
|---|---|
| **3.8** | **Временска покриеност** |

Од 1996 година на годишно ниво, а од 2004 година на квартално ниво.

| | |
|---|---|
| **3.9** | **Базен период** |

| | |
|---|---|
| **4** | **Единица на мерење** |

Број и стапка.

| | |
|---|---|
| **5** | **Референтен период** |

Неделата која ѝ претходи на неделата на анкетирање.

| 6 | **Институционален мандат** |
|---|---|

| 6.1 | **Законски акти и други договори** |
|---|---|

Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20)  (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) Програма за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/23). (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=8)

Во согласност со методолошките препораки на Меѓународната организација на трудот (ILO) усвоени на 13-тата Меѓународна конференција на трудовите статистичари и Регулативата (ЕУ) 2019/1700 ( позната како Регулатива за IESS) на Европскиот парламент и на Советот од 10 октомври 2019 година, заедно со Регулативата за имплементација на Комисијата (ЕУ) 2019/2240.

| 6.2 | **Споделување на податоци** |
|---|---|

Од првото тримесечје на 2006 година, преку eDAMIS до Евростат. Микроподаточни сетови се испраќаат до Обединетите нации, ММФ, Светската банка, МОТ и други.

| 7 | **Доверливост** |
|---|---|

| 7.1 | **Доверливост - политика** |
|---|---|

1. Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со Законот за државна статистика (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) .

2.Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во Политиката за статистичка доверливост ( https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf ).

| 7.2 | **Доверливост - третирање на податоците** |
|---|---|

Во согласност со член 38 од Законот за државна статистика ( https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) и Политиката за доверливост ( https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf),индивидуалните податоци не се објавуваат. Но, доколку се обезбедува пристап до микроподатоци од соодветното истражување, тогаш треба да се наведат методите кои се користат за спречување на разоткривање на податоците.

| 8 | Политика за објавување |
|---|---|
| 8.1 | Календар на објавување |

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот за објавување на Соопшгтенија, koj се ажурира квартално.

| 8.2 | Пристап до Календарот на објавување |
|---|---|

https://www.stat.gov.mk/Kalendar.aspx

| 8.3 | Кориснички пристап |
|---|---|

Сите корисници имаат истовремено ( или еднаков) пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување. Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „Соопштенија “ на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

| 9 | Фреквенција на дисеминација |
|---|---|

Тримесечна.

| 10 | Достапност и јасност |
|---|---|
| 10.1 | Соопштенија |

" „Активно население во Република Северна Македонија "" Број на прегледи на веб-страницата - 4421. https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=98&rbrObl

| 10.2 | Публикации |
|---|---|

- Статистички годишник,

- Северна Македонија во бројки,

- Региони во Северна Република Македонија,

- Жените и мажите во Северна Македонија,

- Статистика за животната средина,

- Одржлив развој,

- МакСтат избор

| 10.3 | Онлајн база на податоци |
|---|---|

МАКСтат база на податоци :

https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__PazarTrudRevizija__RabotoSposobnoNaselenie/001_PazTrud_Mk_rabotosposobno1_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5efhttps://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__PazarTrudRevizija__AktivnoNaselenie__Vraboteni/007_PazTrud_Mk_sopstvenost1_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5efhttps://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxhttps://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__PazarTrudRevizija__AktivnoNaselenie__Nevraboteni/041_PazTrud_Mk_NevSpoDolziPol_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5eweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5eff

https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__PazarTrudRevizija__NeaktivnoNaselenie/051_PazTrud_Mk_Neaktiv_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992

https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__PazarTrudRevizija__StapkiDrugiIndikatori/006_PazTrud_Mk_aktivnost_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992

https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__TrimesecniARS/098_PazTrud_NefVRab_Sektori_kvartalno_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

| 10.4 | Пристап до микроподатоци |
|---|---|

Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со Законот за државна статистика ( член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со интерна процедура на Државниот завод за статистика „Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели“. ( https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22).

| 10.5 | Друго |
|---|---|

По барање на корисниците, податоците се подготвуваат и во форма согласно нивните потреби.

| 10.6 | Документација за методологијата |
|---|---|

"Методолошките објаснувања се објавени на веб-страницата на Државниот завод за статистика. http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=98&rbrObl=14 и Методолошки објаснувања кои се дел од публикацијата „Анкета за работната сила"". http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.02.pdf"

| 10.7 | Документација за квалитетот |
|---|---|

Подготвен е извештај за квалитет за 2024

## 11 Управување со квалитет

### 11.1 Обезбедување на квалитетот

Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на Европскиот Кодекс за работа на европската статистика (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2) и Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем ( ESS Quality Assusrance Framework-- https://ec.europa.eu/eurostat/documents/64157/4392716/ESS-QAF-V2.0-final.pdf). Критериумите за квалитет се утврдени и во Законот за државна статистика во член 4б и член 4в (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx).

### 11.2 Оценка на квалитетот

Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнос процес модел (Generic Statistical Business Process Model-GSBPM) . Примената на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и споредливост на податоците.

## 12 Релевантност

### 12.1 Потреби на корисниците

Податоците од Анкетата за работната сила се користат за следење на промените на пазарот на трудот. Податоците за економски активното население, вработеноста и невработеноста се основните статистички информации неопходни за следење на економската состојба. Податоците од Анкетата се користат од страна на Евростат, Владата на РМ, Министерството за труд и социјална политика, Светската банка, Меѓународната организација на трудот и др.

### 12.2 Задоволство на корисниците

Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство на корисниците.

### 12.3 Комплетност

Во однос на индикаторите кои се предвидени според Регулативата бр. 2019/ 1700 и 2019/2240 на Европската комисија, ДЗС обезбедува околу 90% од нив.

## 13 Точност и веродостојност

### 13.1 Севкупна точност

Точноста на податоците се обезбедува преку преземање на мерки за намалување на примерочните и/или непримерочните грешки, како и дополнителна споредба и анализа на податоците пред тие да бидат објавени.

### 13.2 Примерочни грешки

Коефициентите на варијација на главните варијабли се движат од 0.23 до 4.66. Лица од 15 до 89 години – 0.23 Мажи – 0.66  Жени – 0.63 Работна сила – 0.67 Мажи – 1.0 Жени – 1.21 Вработени – 0.71 Мажи – 1.06 Жени – 1.26 Невработени – 2.77 Мажи - 3.51 Жени – 4.66 Неактивни – 0.6 Мажи – 1.15 Жени – 0.91

### 13.3 Непримерочни грешки

Грешки во опфатот: При спроведување на истражувањето се прибираат и податоци за АРС за нодзив во кој се наведува причината за неизвршеното анкетирање. Од овие одговори се пресметуваат повеќе опфатени домаќинства. Overcoverage: Тримесечје 1: 5.1% Тримесечје 2: 5.0% Тримесечје 3: 7.7% Тримесечје 4: 5.2%

## 14 Навременост и точност

### 14.1 Навременост

T+64.

### 14.2 Точност

Податоците се објавени во утврдените рокови во согласност со Календарот на навременост.

## 15 Кохерентност и споредливост

### 15.1 Географска споредливост

Постои географска споредливост на дисеминираните податоците на национално ниво и на ниво на региони. Во однос на географската споредливост со останатите европски земји, исто така, е обезбедеба споредливост бидејќи податоците се прибираат во согласност со европските регулативи.

### 15.2 Временска споредливост

Обезбедена е споредливост на податоците од 1996 година, без прекин во временската серија, на годишно ниво, додека на тримесечно ниво од 2004 година. Број на референтни периоди во временската серија на годишно ниво од последниот прекин - 20. Број на референтни периоди во временската серија на тримесечно ниво од последниот прекин - 44.

Во согласност со објавените резултати од **Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021**, Државниот завод за статистика изврши ревизија на податоците од Анкетата за работна сила за периодот 2017-2021 година.

Податоците беа прилагодени според новите пописни резултати, по:

- пол,
- петгодишни возрасни групи и
- статистички региони.

Ревидираните податоци беа објавени во август 2024 година како посебни годишни соопштенија на квартална основа на веб-страницата на ДЗС, а целиот сет на податоци за

периодот 2017-2021 беше достапен во **Макстат базата** во октомври 2024 година.

https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=98&rbrObl=14

https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

| **15.3** | **Меѓудоменска кохерентност** |
|---|---|

Податоците се кохерентни. Направени се споредби на податоците на макрониво со податоците од истражувањата за бројот на вработени и плати, бројот на вработени во индустриското производство и во градежништвото.

| **15.4** | **Внатрешна кохерентност** |
|---|---|

Внатрешната кохерентност на податоците е обезбедена.

| **16** | **Трошок и оптовареност** |
|---|---|

Просечното времетраење на интервјуто за АРС е околу 10 минути по лице, а просечното време поминато во домаќинството е околу 22 минути.

| **17** | **Ревизија на податоците** |
|---|---|

| **17.1** | **Политика за ревизија на податоците** |
|---|---|

Во согласност со Политиката за ревизија на податоци во ДЗС.
http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=25

| **17.2** | **Практика за ревизија на податоците** |
|---|---|

Податоците од Анкетата за работната сила се ревидирани за периодот 2017-2021.

| **18** | **Статистичка обработка** |
|---|---|

| **18.1** | **Извори на податоци** |
|---|---|

Анкетата за работната сила претставува примерочно истражување. Рамка на примерокот се податоците од Пописот 2021, односно податоците за бројот по пописни кругови, бројот на населението, полот и возраста на населението. Во секој квартал се анкетираат по 5000 домаќинства, Според ротационен модел, примерокот е поделен на 9 потпримероци (бранови) и во секој бран има по 1250 домаќинства годишно, од кои 8750 домаќинства се анкетираат двапати во текот на годината, а 2500 домаќинства еднаш во текот на годината. Примерокот за Анкетата за работната сила е дизајниран како стратифициран, ротационен, двоетапен случаен примерок. Во првата етапа се бираат пописните кругови, а во втората етапа, во рамките на пописните кругови се бираат домаќинства. Првични примерочни единици се пописните кругови и случајно се бираат по 625 пописни кругови во секој квартал според алокацијата. Во втората етапа, во секој од избраните пописни кругови случајно се бираат по 9 домаќинства со адресните податоци од Пописот 2021. Бидејќи податоците се

собираат неделно, а обработките се кавратлани, направена е поделба на 52-те недели на анкетирање во годината на 4 квартали со по 13 интервали. Избран е ротационен примерок, при што дел од пописните кругови се повторуваат во секој квартал.

| | |
|---|---|
| **18.2** | **Фреквенција на прибирање податоци** |

Недела.

| | |
|---|---|
| **18.3** | **Прибирање на податоците** |

Се користат два методи за собирање на податоци: CAPI и CATI.

- **CAPI метод (Computer-Assisted Personal Interviewing)** — се спроведува преку интервјуа лице в лице со користење на компјутер. На овој начин се анкетираат сите домаќинства кои за првпат влегуваат во примерокот, како и домаќинствата кои немаат телефон/мобилен или одбиваат телефонска анкета.
- **CATI метод (Computer-Assisted Telephone Interviewing)** — претставува телефонско интервју кое се реализира од КАТИ центарот. Со овој метод се анкетираат домаќинствата кои во првата анкета изразиле подготвеност за телефонско анкетирање.

| | |
|---|---|
| **18.4** | **Проверка на податоците** |

При внес на податоците во апликацијата се користи логичка контрола која врши проверка на податоците. Откако ќе се внесат податоците во базата првичната проверка на податоците се врши од страна на котролорите во регионалните одделенија за статистика кои вршат и шифрирање на прашањата за занимање и дејност и во Кати центарот. Исто така постои дефинитивна контрола која се прави во стручното одделение, според препораките за валидација дадени од Евростат.

| | |
|---|---|
| **18.5** | **Компилирање податоци** |

Оценките во Анкетата за работната сила, генерално, се во форма на тотали, односи, пропорции и стапки. Доменот на оценување е нивото на земјата (Република Северна Македонија), а бројот на оценетите варијабли е еднаков со белезите на прашањата. Оценките прво се направени за кварталите, а потоа за годината како целина.

| | |
|---|---|
| **18.6** | **Прилагодување** |

Не се прават сезонски прилагодувања, ниту какви било израмнувања.

| | |
|---|---|
| **19** | **Коментар** |

| | |
|---|---|
| **A.1** | **Анекси** |